**20120511390**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 417 алинеја 9 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11 и 51/11), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА АВТОШКОЛА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на лиценцата за автошкола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/07), во член 3 во ставот 3 зборовите „овластеното лице“ се заменуваат со зборовите „министерот за внатрешни работи“.

Член 2

Прилогот број 1 се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 121-22722/1
9 април 2012 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПОЛИЦИЈА
POLICE

# ЛИЦЕНЦА

## ЗА АВТОШКОЛА

________________________________________
(БРОЈ НА ЛИЦЕНЦАТА)

________________________________________________________________
(НАЗИВ НА АВТОШКОЛАТА)

________________________________________________________________
(СЕДИШТЕ НА АВТОШКОЛАТА)

________________________________________________________________
(КАТЕГОРИИ И ПОТКАТЕГОРИИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА КОИ АВТОШКОЛАТА Е ОВЛАСТЕНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ)

| | |
|---|---|
| ___________________________ | ___________________________ |
| Место и датум на издавање | Министер за внатрешни работи |

МП